# ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ

*Павлина Најдова -библиотекар*

*Локална библиотека „ Гоце Делчев“, Велес*

***„ Не врне ли дожд од Бога еднакво за сите? А сонцето не грее ли исто така за сите?“***

***Св. Кирил Филозоф***

Апстракт

Во ова излагање се изнесува потребата од еднаквост на нудење услуги на сите корисници на библиотеката. Вклученоста на библиотеката во достапноста на видот на специфичната услуга карактеристична за инвалидизираните корисници.

Библиотеките како културни и информативни центри, вршат низа активности преку кои помагаат во задоволување на инересите, желбите и потребите на корисниците од образовен, културен или научен карактер. Корисниците на библиотечните услуги се секогаш во центарот на постоењето и вниманието на библиотеките. Библиотеките треба да изнајдат средства и начини за да бидат актуелни и интересни меѓу своите корисници.

Денес библиотечните услуги се достапни за сите граѓани, од сите општествени слоеви, што не било случај во минатото, кои треба да ги задоволат своите потреби во однос на читање, учење и професионален развој, истражувачки и слични потреби. Покрај недостапноста на библиотечната граѓа, на лицата со инвалидитет им бил отежнат и  пристапот во библиотеките. Инфраструктурната поставеност на библиотеките била една од пречките што им оневозможувала пристап на инвалидизираните лица. Денес таа бариера во голем број случаи е надмината. Библиотеките претрпеле инфраструктурни промени, поставувајќи пристапни рампи и лифтови за инвалидизирани лица.

Нашата земја во 2011 година ја ратификува Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост и како членка на Обединетите нации, носиме одговорност да работиме постојано на спроведувањето на Конвенцијата, притоа обезбедувајќи еднакви права и можности за достоинствен и независен живот на лицата со попреченост, како и на останатите граѓани.



Библиотека „ Гоце Делчев“- Велес, како и останатите јавни библиотеки со своите услуги го опслужува населението кое живее во локалната единица. За таа цел пред влезот на Библиотеката, како и до одделите од Библиотеката има поставено пристапни рампи, а во самата зграда и лифт за инвалидизирани лица.





Почитувајќи ја Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, библиотеките во светот во своето библиотечно работење внесуваат примена и достапност на Брајови книги и звучни записи. Лицата со делумно и целосно оштетен вид имаат право на образование, кое не би било возможно без Брајовото писмо. Брајовата азбука за слепите лица датира од 1825 година. Основач е Луис Брај, кој  и самиот бил слеп.Тој ја направил првата тактилна азбука инспириран од кодот за



тајно допишување т.н. „ноќно пишување“ што го користела војската на Франција за шифрирани пораки.Тој ја усовршил оваа техника и се обидел да ја примени во пракса. Брајовото писмо не е посебен јазик, туку систем на тактилни симболи кој се состои од подигнати точки организирани во ќелии. Секоја ќелија има матрица во три реда во две колони. Со ова писмо може да се одбележат буквите од секоја азбука со одредена комбинација на истакнати точки. Се користи и за бројки , музички знаци и мелодии, графика па дури и илустрации.




Затоа 4 јануари, денот кога е роден францускиот едукатор Луј Брај, насекаде во светот се одбележува како Ден на Брајовото писмо.

Првата Национална библиотека за слепи лица е отворена во Лондон во 1882 година. Денес библиотеки од ваков тип има повеќе во светотот од кои најголемата се наоѓа во Вашингтон.

Во нашето соседно опкружување најголемата библиотека за слабовидни и слепи лица е „Др Милан Будимир“ во Нови Сад, Србија, како дел од Друштвото за слепи лица, која располага со фонд од 50.000 книги со Брајево писмо, како и 8.000 наслови во аудио формат. Додека во Подгорица, Црна Гора, во 2006 година е отворена Јавна библиотека за слепи лица од страна на Владата во согласност со Законот за култура и Законот за библиотечна дејност. Интересен пример за олеснет пристап до библиотечна граѓа има во библиотеката „Вук Караџиќ“ од Крагуевац која набавува компјутер со софтвер за слепи и слабовидни корисници.

Зачетоците на книгите на Брајово писмо во Македонија датираат од 1996 година кога за прв пат бил отпечатен текст на Брајово писмо од страна на господин Пајдаков во соработка со Сојузот на слепите на Република Македонија.

Како членка на Обединетите нации во согланост со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на иницијатива на Министерството за труд и

социјална политика, Програмата за развој на Обединетите нации, и во партнерство со Националниот сојуз на слепи лица се креира дигиталната апликација – аудиочитач „Кико“ промовирана во јули 2021 г. денеска достапна и на македонски и на албански јазик со име „Хана“, промовирана декември 2021 г., бесплатна со едноставен пристап.



Апликациите „Кико“ и „Хана“ користејќи го системот претворање „слика или текст во глас“, ќе овозможат непречена комуникација, непречено движење и целосно вклучување во општеството и достоинствен живот на нашите сограѓани. Како апликација, таа е лесно применлива за сите возрасти. Исклучително е значајно што со апликацијата аудиочитач „Кико“ и „Хана“, лицата со оштетен вид за првпат добиваат функционална, современа и соодветна алатка, која во секојдневниот живот ќе им помага и ќе им овозможува поголема самостојност и тоа во сите сфери. Софтверската Библиотекарска теорија и практика Библиотекарство, Волумен 38 (2022), бр. 1-2 97 апликација за првпат ќе им овозможи на над 3.000 слепи и лица со оштетен вид, пишаниот текст да го слушаат и разберат во аудиоверзија.




Библиотечни услуги кои библиотеката им ги нуди на овие кориснички групи се: пристап и позајмување книжен фонд во библиотеката и надвор од неа, користење интернет и надворешни извори на информации, употреба публикации на разни јазици, услуги за информирање на заедницата, организација на различни образовни програми, работилници, проекти и активности поврзани со личниот развој на корисникот.

Првите книги на Брајово писмо во Македонија се отпечатени во 1996 години во Велес, а освен НУБ „Климент Охридски“ од Скопје, велешката е прва библиотека во земјата која има Брајово катче во кое можат да се позајмат книги на Брајово писмо наменети за слепите читатели.

Нашата библиотека располага со вкупно 125 аудиокниги и 63 книги на Брајово писмо како дел од библиотечниот фонд кои можат да бидат користени од оваа целна група. Брајовите книги се од странски и домашни автори и лектирни изданија за да можат да ги задоволат потребите на сите корисници. Овие книги се добивани континуирано од 2013 г. од страна на Здружението за слепи лица од Велес, библиотеката за слепи лица „Рајко Пајдаков“, како резултат на долгогодишната соработка, преку проекти поддржани од Министерството за култура. Реализацијата на овоие проекти претставува имплементација на Член 9 и Член 21 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, во кои се опишуваат токму правата за барање, добивање и доставување на информации на еднаква основа со другите. Поради специфичност на изработката и брзо оштетување на напишаното бараат посебни услови на чување. Нашата библиотека обезбеди посебно место за чување со застаклена витрина кое го нарековме Брајово катче. Книгите со Брајово писмо може да ги однесеме и до домовите на слепите лица, но и тие во секое време ќе можат да доаѓаат во библиотеката и да ги користат. Проектот за аудиокниги дава голем придонес за доближување на македонската и светската книжевност до слепите лица.





Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес располага со аудиокниги кои не се внесени во COBISS, па затоа имавме потреба од давање насоки за стекнување вештини за внес во COBISS на овие аудиокниги. За таа цел Библиотеката органиризираше стручна работилница „Аудиокнигите достапни до читателите“ на која присуствуваа библиотекарите од нашата библиотека, од ЈОУ „Искра“ ,Кочани, од Библиотеката Феткин,Кавадарци, ЛУБ „Благој Јанков-Мучето“,Струмица и Матичната библиотека „Кочо Рацин“, Пехчево. Претставници од Здружението на библиотекари на Македонија беа излагачи на стручниот дел и насочувачи на активностите на библиотекарите учесници на работилницата. Овој проект беше поддржан од Министерството за култура. Со

реализација на овој проект ќе им се овозможи на маргинализирана група граѓани да ги користат услугите на библиотеките.






На ова мое излагање му дадов наслов „ Еднакви можности за сите“ , но реалната состојба е многу далеку од тоа. Но следејќи ги примерите на светските библиотеки, подготвени сме да се справиме со предизвиците до остварување на целта. Залагањата што ги прави Библиотеката се далеку од условите во библиотеките во светот и соседство, но сме едно скалило до она што планираме да го реализираме во иднина, за да овозможиме еднакви можности за сите.

# Добрата библиотечна пракса темел на

# современото библиотечно работење

# Книгата инспирација за спортски активности и јакнење на менталното здравје кај децата и младите

Магдалена Кочовска Салтирова
Библиотекар советник,
ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани, РСМ
е- маил адреса:mkocovskasaltirova@yahoo.com

*Абстракт*

Преку својата дејност, со вклучување на библиотеката во веќе постоечката едукативна мрежа, со останатите одговорни и релевантни институции за развој на образованието и спортот како училиштата, градинките, Биро за развој на образованието, спортските клубови и други, истата со реализирање на библиотечни услуги и програми кои нудат едукативни процеси ќе се позиционира како достоен и еднаков партнер - поддржуувач за развој на концептот на учење и знаење и ќе носи кредибилитет да биде вклучена во креирањето на развојните стретигии за образованието и културата во заедницата.

Во општество базирано на знаење каде компоненти на развој се процесите создавање, пренесување и усвојување на знаењето, односно нематеријални процеси кои можат да се случат секаде и во секое време, се иницира во рамките на визијата на библиотеката да се креираат програми со кои се става ацент на учењето кое може да се остварува во било кој даден просторно-временски контекст.

Во таа насока, библиотеката на иднината ќе претставуваат неформален центар на знаење која со силно развиената библиотечна база на податоци, истата ќе биде релевантен извор на знаење и поддршка на образовниот процес на своите најмлади корисници, а преку афирмација на содржини за спорт таа ќе ги поттикнува младите за учество во спортски активности со тоа непосредно влијаејќи на јакнење на нивното ментално здравје.

***Клучни зборови*** *: библиотека, креирање програми, афирмација на спортот, ментално здравје*

*Abstract*

*Through its activity, and by including the library in the already existing educational network, with the other responsible and relevant institutions for the development of education and sport such as schools, kindergartens, the Bureau for the Development of Education, sport clubs and others, the library positions itself as a worthy and equal partner - supporter for the development of the concept of learning and knowledge by realization of the library services and programs that offer educational processes and this will bring credibility for the library to be involved in the creation of development strategies for the education and culture in the community.*

*In a society based on knowledge, where the components of development are the processes of creation, transferring and acquiring knowledge, or in other words the non-material processes that can happen anywhere and at any time, we initiate creation programs that emphasize learning that can be accomplished in any given spatio-temporal context within the vision of the library.*

*In this direction, the library of the future will be an informal knowledge center that, with a highly developed library database, It will be a relevant source of knowledge and support for the educational process of its youngest users, and through the affirmation of sports content it will encourage young people to participate in sports activities by directly affecting the strengthening of their mental health.*

***Keywords :*** *library, programme creation, affirmation of sport, mental health*

Значајноста да се зголеми свесноста кај популацијата библиотеката да се перципира како место кое со својата културна, образовна и информациска дејност значајно влијае во градењето и развивањето на заедницата е есенцијално потребна, како институција која во континуитет активно и силно учествува и го поддржува образовниот процес на своите корисници преку ефикасно пронаоѓање, пристап, размена и употреба на информациите. Слободниот пристап до големите бази на податоци и се поголемата електронска достапност на бараните информации се значајни и потребни сегменти во воспитно образовниот и личен развој на младите како и поддршка во професионалниот развој на секој поединец, што е уште еден сегмент дека библиотеката успешно се носи со сите промени во општественото живеење.

За поуспешно библиотечно работење, како силни мотивирачки ги следиме содржините како препораки за рабоата кои доаѓаат од документот, UN Агенда 30 за одржлив развој дадени од страна на IFLA, со посочување на 17 цели за одржлив развој, дел од нив Цел 4 - обезбедување инклузивно и рамномерно квалитетно образование и промовирање можности за доживотно учење за сите.[1] Водени и од содржината на документ IFLA (Стратегија 2019 - 2024 година) децидно се поддржува библиотеката со визијата за силни и здружени библиотеки кои позитивно придонесуваат кон развојот на писменоста, информираноста и партиципативното општество.

Библиотеката - поддржувач на образованието на младите преку својата основна дејност – промоција на книгата и читањето, во која се афирмираат придобивките од стекнување на знаење од активно учество во спортски активности кои истовреме го поттикнуваат интелектуалниот, социјалниот и емоционалниот развој се евидентираше како потребна следејќи ги актуелните состојби на комуникација на младите, евидентирани преку релевантните институции, со цел преку креираните содржини нивното внимание да биде насочено кон активности кои ќе носат јакнење и зачувување на менталното здравје.

[1] IFLA -- Libraries, Development and the United Nations 2030 Agenda

Во локалните библиотеки во централниот дел на Шведска,[2] се увидува користење на голем број на библиотечни услуги кај нив, од страна на студенти и возрасни лица кои се во процес на учење. Овие јавни библиотеки имаат намера да се разликуваат со својата флексибилност за прифаќање на промени и како организации на учење Тие библиотечни центри дејствуваат како ресурс во процесот на учење, со инструктивна и аналитичка улога, за сите возрасни групи. Во едно општество на знаење, според (Endy Hargreaves)[3], библиотечните центри го поттикнуваат когнитивниот развој на корисниците, ја поддржуваат нивната креативност и иницијативи. Студентите учат да учествуваат во мрежи на соработка, да истражуваат и да произведуваат нови идеи. Во студиите кои ги дава Ingrid Bussmann,[4] (Stuttgart) библиотеката на иднината се развива како место со нова концепција, како место за доживотно учење и можности да се развијат клучни кваливикации како истражувачките способности. Истата е само еден пример, каде се поддржува учење од најмлада возраст, како и во секоја друга животна возраст. Менторите библиотекари помагаат и овозможуваат поддршка при натпревари, дебати, трибини, заедничко учење, средби со експерти од разни области, вклучувајќи ги и истакнатите спортисти и уметници кои претставуваат различни видувања.

Преку остварената соработка со Шаховскиот клуб „Кочани“- Кочани и Издавачката куќа Икона, следуваше промоција на книгата„Ајде да играме шах“од авторот Орце Данчевски, преставник на Шаховската Федерација на Македонија, пред многубројната публика од различна возраст, најмногу насочени кон најмладата читателска популација, по што следуваше реализација и на едукативна програма во насока на поттикнување на младите да ја развиваат љубовта кон книгите и библиотеката, а истоивреме да се поттикнат и во учество во спортски активности.





Промоција на книгата „Ајде да играме шах“ во ЈОУ Биобиблиотека„Искра“ – Кочани, јануари 2024 г.

---

[2] Strand, Marcus, 2005, For the benefit of others:The public librarian in a learning society, Scandinavian Library Quarterly, Volume 38. No;
[3] Strand, Marcus, 2005, For the benefit of others:The public librarian in a learning society, Scandinavian Library Quarterly, Volume 38. No;
[4] Bussmann, Ingrid, Ucenje svim čulima – Uloga knjižnice u životopisu učenja pojedinca (Sažetak) www. bussmann_zagreb09kroatisch

Преку реализација на едукативните програма„Споделување на знаења за играта шах во библиотека“ се реализираше идејата за претставување на млади ентузијасти средношколци, преставници на Младинската организација „Авангарда“ која функционира во рамките на СОУ„Гошо Викентиев“-Кочани, активни во своите области на интерес и рекреативци во играње шах, кои ќе ги пренесат своите знаења на учениците од одделенска настава од ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани непосредно во библиотека. Вториот дел од програмата ќе продолжи да се реализира и во Шаховскиот клуб во Кочани.






Фотографии од Едукативната програма„Споделување на знаење за играта шах во библиотека, јуни 2024 г.

Користејќи го библиотечниот простор за игра, паралелно библиотекарот ги запознава младите со библиотечните услуги, ги запознава со богатиот библиотечен фонд и ги поттикнува на читање и посета на библиотеката. Разговорите со активните спортисти, спортски работници, млади кои професионално или рекреативно се занимавват со спорт ја поттикнува и љубовта кај младите за учество во спортски активности што се влијае и на јакнење на нивното ментално здраје, значајно и наш висок општествен приоритет.

**Заклучок**

Библиотеката за да се позиционира цврсто во општеството на знаење истата од место на учење би требала да премине во дом на знаењето**,** а тоа подразбира дека се овозможува знаењето – библиотечните ресурси да бидат достапни за секој корисник кој е во активен образовен процес или работа, што ќе води до креирање на нови библиотечни ресурси и нови едукативни библиотечни програми. Преку креираните

нови библиотечни програми со едукативен и креативен карактер во кои се афирмираат спортските успеси и достигнувања на поединци и клубови, се претствува на младите значајноста на валоризирање на постигнатиот досегашен труд на спортистите, а истовреме како добар пример за идентификација на истите за поттик и вклучување во спортски активности кои го штитат и јакнат истовреме менталното здравје на младите генерации.

**Користена литература**

1.www.ifla.com
2.Britt,M.H., *The Role of libraries in education*,:Users/pc1/Desktop/ifla%20i%20do%23ivotno.pd
3.http://www.ala.org/news/state-americas-libraries-report-2020/public-libraries
4. https://www.ifla.org/publications/iflaunesco-public-library-manifesto-1994
5.Drother, K. (2005) *Library innovation for the knowledge society,* Scandinavian Library Quarterly, Volume 38. No;
6.Strand, M., 2005, *For the benefit of others:The public librarian in a learning society,* Scandinavian Library Quarterly, Volume 38. No;
7. Bussmann, I, *Učenje svim čulima – Uloga knjižnice u životopisu učenja pojedinca* (Sažetak); www.bussmann_zagreb09kroatisch.pdf
8. Sturges, P., *Intellectual Freedom and the information and knowledge Society,* IFLA?FAIRE, Diamond Jubilee Conference Centre, 10 July, 2006,www.ifla.org;
9. Repositioning European Public Libraries ECEI10„ Delivering Digital Europe in Public Libraries“, 20 and 21 September 2010, Brussels Workshop „European policy for libraries: What will it say, what can it do?“

# „Добри практики за зелени библиотеки“

(стручен труд)

м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник
м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица
a.mileva@yahoo.com
zaprovagonca@gmail.com

Како двигатели на промените кои го поттикнуваат развојот, библиотеките со нивната посветеност за обезбедување слободен пристап на информации, се клучни за реализацијата на Агендата на Обединетите нации 2030 за одржлив развој.




**Апстракт**

Современото општество се соочува со бројни економски, социјални, културни, еколошки, политички и други предизвици, кои често се предизвикани од неодговорно и неетичко користење на расположливите човечки, природни и материјални ресурси. Горенаведеното укажува на неопходноста од подигање на еколошката свест и еколошката писменост на сите чинители во општеството. Библиотеките играат важна улога во процесот на подигање на свеста во општеството преку зелените библиотеки, чија цел е едуцирање на јавноста и ширење на идејата за одржливо општество и неопходноста од заштита на животната средина, што ќе ги поврзе екологијата и библиотекарството под мото „Зелени библиотеки“ како дел од Агендата на ООН 2030 година за одржлив развој, одржливо општество и заштита на животната средина.

Клучни зборови: зелени библиотеки, одржливо општество и одржлив развој, еколошка свест и еколошка писменост, едукација.

**Вовед**

Што е зелена библиотека?

Не постои еднозначна дефиниција за поимот „Зелена библиотека“. Идејата за зелени библиотеки се појави во раните 90 години од минатиот век и се здоби со голема популарност во библиотечната професија во 2003 година. Кога велиме „Зелена библиотека“ мора да мислиме на целокупното библиотечно работење и градењето на библиотеката. Затоа се чини дека концептот е многу сеопфатен. „Зелени“ или „одржливи библиотеки“ се дизајнирани, изградени, реновирани, за да го минимизираат негативното влијание врз природната средина со помош на внимателен избор на локација, употреба на природни градежни материјали и биоразградливи производи, преку зачувување на ресурсите како вода, енергија, хартија; употреба на систем за рециклирање и депонирање отпад кој може повторно да биде употребен, а притоа да биде еколошки и ефикасен начин за добивање нови ресурси; избирање добавувачи на библиотеките со зелени сертификати и др.

**Целите на овој труд се:**

1. Разбирање на значењето, важноста и придобивките од зелените библиотеки;
2. Решенија за претворање на постоечките библиотеки во зелени библиотеки;
3. Добри примери на зелени библиотеки во нашата библиотека и во светот.

Зелените и одржливи библиотеки се стремат кон еколошка, економска и социјална одржливост. Тие може да бидат големи или мали и треба да имаат изградено јасна агенда за одржливост која во себе ги вклучува следниве придобивки:

**економски** - ги намалува оперативните трошоци;

**здравствени** - користење природни бои, подови и материјали за поприродно работно опкружување со што се намалува негативното влијание од околината врз вработените;

**еколошки** – намалување на потрошувачката на природни ресурси и енергија, зелени згради и опрема – намалени емисиите на јаглерод диоксид;

**одржливи библиотечни услуги** - релевантни и ажурирани информации лесни за пристап од корисниците, користење заеднички простории, уреди и едукација за животната средина;

**социјална одржливост** – добро образование и писменост, меѓукултурна разновидност, социјалната вклученост и целокупно учество на заедницата за намалување на нееднаквоста;

**управување со животната средина** - библиотеката работи на намалување на сопственото негативно влијание врз животната средина, посветеност на општите цели и програми за животната средина - целите за одржлив развој на ООН.

**ИФЛА** (Меѓународна федерација на библиотечни здруженија и институции) од 2016 година ја доделува Наградата за најдобра зелена библиотека. Наградата се доделува на проекти кои најдобро ја презентираат и пренесуваат нивната посветеност за еколошка одржливост, а притоа помагаат да се создаде свест за општествена одговорност и лидерство на библиотеките во едукацијата за животната средина и нејзината улога во еколошкото образование. Во 2023 година 28 библиотеки се пријавиле за наградата „Зелена библиотека“.

Наградата се доделува во две категории:

Категорија 1: Најдобра зелена библиотека/проект од големи размери

Категорија 2: Проект за најдобра зелена библиотека/помали проекти

Посебно признание се дава и на проекти кои се спроведени со минимални ресурси, но имаат големо влијание.

Во потесниот избор за наградата беа избрани 6 библиотеки. Финалистите беа претставени на 88. Светски библиотечен и информативен конгрес на ИФЛА 2023 година во Ротердам, Холандија од 21 до 25 август.

Победник во категоријата 1 е библиотеката Кукута, Колумбија. Нејзиниот проект „Образование за одржлив развој“ навистина ја заслужува наградата, покажувајќи дека одржливоста е во срцето на нивната стратегија и е вградена во сите нивни активности: библиотечни програми, предавања, употреба на нови технологии и развој на бизнисот. Преку нивната обука за одржливост, тие покажуваат дека целта на постојаното подобрување со текот на времето е она што тие го ценат.

Добитник на наградата од категорија 2 е Меморијалната библиотека на Западен Ванкувер, Британска Колумбија, Канада. Нејзиниот проект „Климатски писател во Меморијалната библиотека на Западен Ванкувер: Ново решение“ навистина ја заслужи

награда за својот иновативен придонес кој ги комбинира литературата и климата на уникатен начин преку создавање програми за едукација и одржливост кои ја вклучуваат целата заедница преку различни настани. Дополнително, мерките за заштеда на енергијата создале „позелен“ дизајн на самата библиотека.

**Улогата на зелените библиотеки во промовирањето на еколошката свест и зајакнувањето на еколошката писменост**.

Концептот „надвор од ѕидовите“ јасно укажува дека библиотекарите повеќе не чекаат само корисници да дојдат, туку преземаат активности кои поддржуваат низа локални програми и играат важна улога во процесот за подигање на свеста и едуцирање на јавноста за заштита на животната средина, рециклирањето и одржливиот развој.

Предуслов за неопходните општествени промени и промени во ставовите кон животната средина е свесноста за проблемот, разбирањето на причинско-последичните односи и подготвеноста на промени кај сите чинители во општеството, т.е. општата популација, работодавците, јавните институции, носителите на политичка моќ, невладини организации итн.

Библиотеките како тврдини на знаењето се особено одговорни, не само за ширење на идејата за одржливост, туку, исто така, и за воведување новини и промоција на низа практики за подигање на еколошката свест и подобрување на информираноста за начините како да се заштити здравата човекова околина преку поврзување на библиотеката со училиштата, невладини организации, институции...

Библиотеката во Струмица презема активности кои се насочени кон унапредување и подобрување на квалитетот на животната средина и природата, намалување на загадувањето, подигање на свесноста за еко-средина и начини за нејзина заштита.

Во таа насока имавме организирано работилници со ученици за изработка на еколошки садливи картички кои се направени само од материјали што лесно се распаѓаат и не ја загадуваат почвата, кои подоцна ги засадивме во училишните дворови, боевме и украсувавме велигденски јајца со природни бои и материјали, зелена писменост за деца и млади за промовирање одржлив развој преку читање на книги за екологија, читателски клуб на отворено во парк и садење цвеќиња, предавања, изложби,

работилници за рециклирање и повторна употреба на старите книги со техниката оримото и сл.







Постои широк спектар на начини за промовирање на идејата за „Зелена библиотека“: постепено исфрлање од употреба на пластични картички за членство во библиотека за

нова–биоразградлива алтернатива или користење дигитална картичка преку апликација мој COBISS, исфрлање од употреба на картони за евиденција на корисници, услуги за виртуелни корисници, користење електронска пошта, електронски весници, дигитализација и е-книги, селектирање отпад, организирање зелени настани на пр. научете како да направите торба за книги од маица, зелена писменост.

**Што друго би можело да се направи за една библиотека да стане „зелена библиотека"?**

- градење на зелени библиотеки по стандардите на LEED GreenBuildingRatingSystem;

- сепарација на хартија, собирање искористени батерии, електронски и секаков вид на отпад за рециклирање;

- заштеда на хартија и мастило (двострано печатење, избегнување печатење, повторно полнење на тонерот на место да се купува нов итн.);

- неупотреба на пластика за еднократна употреба (пластични чаши, чинии и сл.);

- исклучување на компјутерот за време на паузата и при подолготрајно некористење;

- соларни полначи за мобилни, електрични тротинети и велосипеди пред библиотеката;

- системи за греење со соларни панели, топлински пумпи, енергетско реновирање на објектот, зелени покриви;

- организирање програми за едукација на јавноста од неопходноста за намалување на потрошувачката на енергија, заштита на животна средина и работилници за обновливи извори на енергија;

- соработка со еколошки друштва, училишта, градинки, институции, невладини организации;

- претворање на органскиот отпад во компост;

- употребата на лед–светилки, светилки на сензори, искористување на природната дневна светлина;

- јами за собирање дождовница која може да се користи за наводнување на растенијата во библиотеката и надвор;

- дигитализација на книги, употреба на е-книги и списанија за да се заштеди хартија, користење електронски медиуми и алатки за онлајн комуникација;

- употреба на еколошки бои на ѕидот за да рефлектира повеќе светлина.

**Примери за зелени библиотеки низ светот**

**Библиотека во Дубаи** на покривот на зградата има прозорци, што овозможува внатре да има многу природна светлина. Ова ја намалува потрошувачката на електрична енергија, која исто така, е потребна за осветлување на просторот. За наводнување на зелените површини, библиотеката користи вода акумулирана од системот за климатизација.

**Новоизградена библиотека во Пекинг** е целосно инспирирана од изгледот на шума. Кровот на библиотеката е моделиран така да изгледа како шума од стебла на гинко билоба. Целиот кров е покриен со соларни панели, а секое „дрво“ е поврзано со системот за клима и секој поединечно ја регулираат температурата, влажноста на воздухот, осветлувањето, бучавата и ја собираат дождовната вода. Ѕидовите на библиотеката се целосно направени од стакло и ова е првата самоодржлива стаклена фасада во Кина.



**„My Tree House“- Сингапур** е прва библиотека во светот која ги користи принципите на зелениот еко-дизајн во речиси секоја област. За да се создаде ова еко-искуство, зелените градежни материјали се максимално искористени, вклучувајќи енергетско ефикасно LED осветлување, реновирани полици за книги и килими со зелени својства. „My tree house“ е именувана по централниот дел на библиотеката. Дрвената структурата е конструирана од рециклирани материјали. Лисјата на дрвото целосно се направени од рециклирани шишиња. Друга еко-карактеристика на оваа библиотека е

ѕидот за игра со сенки. Постои и „дрво на знаењето“ кое ги учи децата за животната средина и штедење енергија. Исто така, тука е и временскиот трупец кој служи за читање информации за временската прогноза предвидени од страна на метеоролошката служба во Сингапур. Просторот создава чувство како да се наоѓате во шума.





**Библиотеката во Одензе-Данска**

Библиотеки кои ги инспирираат младите луѓе кон одржлива иднина.

Мотото на ова библиотека е „Зошто да купуваш и поседуваш ако можеш да споделиш и да позајмиш?“. Нивна желба и предизвик било внесување на една нова перспектива на економијата на споделување – циркуларна економија, каде што не само да купувате и да располагате, туку да се обидете и да го позајмите соковникот или да го подарите во локалната библиотека ако веќе не ви е потребен за да можат и други да го користат, пред да го купат.

**Библиотеки од балтичките држави Естонија, Латвија и Литванија и различни примери за акции за одржлив развој на темата „Зелени библиотеки“**

Балтичките држави внимателно ја разгледуваат нивната потрошувачка на природни ресурси, преземаат чекори за да се троши помалку енергија и ресурси, и да се вклучат одржливи активности во рамките на нивната секојдневна работа.

Кутија за семиња-корисниците можат да земат различни семиња (од цвеќиња до зеленчук). Одгледаните растенија се засадуваат во заедничка градина во дворот на библиотеката. Ова обезбедува зелена површина и свеж воздух за посетителите на библиотеката.

**Библиотеката во Мартинез, Калифорнија – САД**, веќе подолго време им овозможува на корисниците да се позајмат со семе на различни растенија во библиотеката.




**Хортикултурните библиотеки** е регионалната мрежа на хортикултурни библиотеки од Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Црна Гора со седиштето на мрежата во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"- Битола.

**Зелени програми на хрватските библиотеки**

Народните библиотеки во Истарската жупанија имаат проект за зелена библиотека, преку кој го поттикнуваат ширењето на „зелените" програми на национално ниво. Проектот е „Фестивал на еколошки филм", но во рамки на фестивалот покрај филмови се организираат и работилници, панел-дискусии поврзани со темите на филмовите.

Има многу модели на кои треба да се погледне за инспирација. На пример, градот и **библиотеката на Сан Франциско**. За да се поттикнат позелени начини на транспорт, некои од библиотеките немаат паркинзи. Нивната парола е дека на луѓето не им е потребен автомобил за да дојдат во библиотеката. Тие сакаат да ја прошират улогата на библиотеките во заедницата и да ја претворат библиотеката во центар на зелена активност - „зелена продавница" - каде што корисниците можат да позајмат велосипед или да заработат награда за градски превоз ако се читатели на месецот.

Во градската библиотека **во Утрехт, Холандија** членовите на библиотеката можат да ги наполнат своите електрични уреди со возење велосипед, додека си ги работат секојдневните задачи. Библиотеката во Утрехт, Холандија е првата во светот која нуди

единствена услуга за своите корисници - способност да ги полнат своите уреди со возење велосипед. Градската библиотека има инсталирано специјални велосипеди кои им овозможуваат на корисниците и да ги полнат своите гаџети и да вежбаат додека учат или читаат. Не само што клупите за велосипеди обезбедуваат пригоден начин за полнење електронски уреди, тие исто така ги поттикнуваат корисниците да вклучат физичка активност во нивните секојдневни рутини.





Во 2024 година библиотеката „Благој Јанков Мучето“ воведува нова иновативна услуга – библиотека на тркала и со тоа се приклучува кон Агендата на ООН 2030 за зелени библиотеки. Со ова услуга библиотеката излегува од своите реални ѕидови и книгата ја носи поблиску до корисниците кои се со инвалидитет, повозрасната популација на граѓани над 65 години и лица со посебни потреби. Идејата е дека книгата треба да стигне до секој, а пречките кои реално постојат сега има можност да бидат надминати. Велосипедот Велко ќе го возат волонтери, а услугата ќе биде достапна за почеток еднаш во неделата со претходно закажување.





**Заклучок**

Библиотеките секогаш ги поддржуваат новите идеи и промените кои се насочени кон заштитата на животната средина, намалувањето на сиромаштијата, образование за секое дете, одржлива економија, намалување на климатски промени и нула отпад. Промената започнува во секој од нас, нашето семејство, нашето непосредно опкружување, училиштето, работното место, затоа треба сите заедно да работиме за исполнување на Агендата на Обединетите нации 2030 која не е локална туку глобална и се однесува за сите нас.

**Користена литература:**


1.hhttps://ijcrt.org/papers/IJCRT1892253.pdf 4.8.2023

2.https://zir.nsk.hr/en/islandora/object/ffzg%3A3525/datastream/PDF/view

3.https://www.mklj.si/wp-content/uploads/2021/08/2021_zbornik_Knjiznica-srce-mesta.pdf

4.https://episteme.net.in/content/73/3808/attachments/1-Green.pdfttps://cdn.ifla.org/wp-content/uploads/GreenLibsTools_v01_202210-1.pdf

5.https://escholarship.org/content/qt39d3v236/qt39d3v236.pdf?t=qe6f5g

6.https://greenlibraryresources.wordpress.com/2011/02/13/greenlibraries/

7. https://www.ifla.org/past-wlic/2010/135-al-en.pdf

8.file:///C:/Users/Acer/Downloads/ENSULIB-Newsletter_Volume2_December2022-1%20(1).pdf

9.https://www.ifla.org/ensulib-announces-the-top-six-green-libraries-and-green-library-projects-2023/

10.https://www.comune.valdagno.vi.it/eventi/biblioteca-civica-villa-valle/notizie/la-biblioteca-dei-semi?fbclid=IwAR0b6Nops7Pcr6tYTPO6IyrxO-XMec4AFSdwXbfI0VbahLO7IQh4LPfE44o

11.https://hrcak.srce.hr/file/367506

12.https://inovativnost.mk/2022/04/18/%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5-

%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8-
%D0%B1%D0%B8%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA
%D0%B0-%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%B8/

13.https://www.ringeraja.mk/statija/prvata-eko-biblioteka-za-deca_5887.html

14.https://www.ifla.org/g/environment-sustainability-and-libraries/ifla-green-library-award/

15. https://www.youtube.com/watch?v=5c7BJ-NVVUU&t=16s